# АЛАРМ 28 | БУЏЕТОТ НА РМ ЗА 2016 ГОДИНА (2)

Структурата на трошоците на буџетот за 2016 покажува дека Владата ќе намени најголем дел од средствата за социјални бенефиции, што во споредба со 2006 година претставува зголемување од неверојатни 186%. Овие податоци одат во прилог на тезата дека буџетот нема развојна компонента, туку, пред сè служи за покривање на трошоците од рапидно влошената социо-економска состојба на граѓаните.

Втори по големина трошоци се оние кои се наменети за стоки и услуги, т.е. трошоци за консултантски услуги, за материјали, ситен инвентар и поправки, за режиски трошоци на администрацијата, за патни и дневни расходи, за привремени вработувања и други тековни расходи.

Запрепастувачки е податокот дека има драстично зголемување на износот за договорни услуги, т.е на средствата што власта ги користи за плаќање надворешни консултанти и соработници, кои зафаќаат дури 15% од вкупниот буџет на државата. Убедливо најголем пораст на трошоците за договорни услуги (споредено 2006 со 2016) има кај Министерството за финансии – функции на државата кои изнесуваат 19,18 милиони евра, додека во 2006 година немало предвидено средства за ваков тип на консултански услуги. За привремените вработувања, што е феномен кој го воведе оваа гарнитура на власт, во изборната 2016 година Владата планира да потроши 1,7 милиони евра, за разлика од Буџетот за 2006 година кога немаше средства за истата намена.

## Структура на расходи 2016




## Пораст на расходи 2016 – 2014 – 2006 година




* Во оваа категорија се наоѓа збирот на тековни трансфери до ЕЛС, Резерви и недефинирани расходи и Каматни плаќања

## Структура на стоки и услуги 2016




## Пораст на стоки и услуги 2016 – 2014 – 2006 година




## Институции со најголем пораст на договорните услуги 2016-2014-2006 г.




## Стоки и услуги по институции 2016 – 2014 – 2006 година




FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA | ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**СУМИТЕ СЕ ВО МИЛИОНИ ЕВРА**